Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје

Технолошко-металуршки факултет

# СООПШТЕНИЕ

Почитувани,

Со цел спроведување на легитимни избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание (ФСС) на Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје врз основа на член 4 од Одлуката за распишување на избори за претседател и членови на ФСС на Технолошко-металуршкиот факултет – Скопје бр. 02-2122/1 од 17.11.2023 година, потребно е да се свикаат собири на студенти по години на кои ќе се предложуваат кандидатите за членови на ФСС.

Изборната комисија за спроведување на изборите Ве информира дека предложувањето на кандидатите за членови во ФСС ќе биде јавно на собири на студентите по години со физичко присуство во аулата на Технолошко-металуршкиот факултет на **04.12.2023** (понеделник) во следните термини:

- **Прва година 10:00 – 10:30 часот**
- **Втора година 10:30 – 11:00 часот**
- **Трета година 11:00– 11:30 часот**
- **Четврта година 11:30 – 12:00 часот**
- **Постдипломци 12:00 – 12:45 часот**

На студентските собири, студентите по години доаѓаат во соодветниот термин и предложуваат студенти-кандидати за претставници на студенти во ФСС. Секој студент може самиот да се пријави (кандидира) или да биде пријавен од страна на друг студент присутен на собирот. Право на кандидатура имаат сите редовни студенти со запишан зимски семестар.

Пријавениот кандидат треба да достави изјава за потврда на кандидатура, писмено до архивата на Факултетот најдоцна до 24 часа по пријавувањето на студентот-кандидат на одржаните собири.

Термините за собирите ќе бидат објавени на веб страницата на ТМФ, огласната табла на факултетот и ќе бидат испратени на индивидуалните електронски адреси оставени во базата на i-know.

Изборната комисија за спроведување на изборите согласно член 2 од Одлуката бр. 02-2122/1 од 17.11.2023 Ве информира дека Изборите за членови и претседател на ФФС ќе се одржат со физичко присуство на Технолошко-металуршки факултет со тајно гласање на 18.12.2023 (понеделник). Начинот на гласање е утврден во Упатството за работа на изборната комисија на Технолошко-металуршки факултет.

Со почит,

Изборна комисија:

1. Д-р Бошко Бошковски, вонреден професор, претседател
2. М-р Ружица Стевковска Стојановска, асистент, член
3. Сара Марковска, студент, со број на индекс 7528, член
4. Бојан Гиновски, студент, со број на индекс 7457, член
5. Мила Колева, студент, со број на индекс 7605, член